**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-82/11**

**Скопје, 15.02.2007 година**

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, (во понатамошниот текст УХМР) сметка за приходи наплатени од органи за 2005 година, кои се прикажани на страните 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владо Спиридонов, директор на УХМР.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 16.11.2006 до 12.01.2007 година

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 05 и 06.02.2007 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Управата за хидрометеоролошки работи, за сметката за приходи наплатени од органи, под бр. 03-187/6 од 02.02.2007 година, од одговорното лице Владо Спиридонов и примен одговор по извештаите, под бр 187/7 од 05.02.2007 година од законскиот застапник – директорот Ѓорѓи Котев. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - За забелешките, заведени под бр 03-187/6 од 02.02.2007 година, кои се однесуваат на наодите во точка 10.2, 10.3. и 12 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.
    - Одговорот по извештаите бр 187/7 од 05.02.2007 година, во кој дадена е забелешка на точка 10.3.2. од Претходниот извештај се прифаќа и наодот се брише, а останатиот текст се однесува на преземени мерки по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности во извештајот за ревизија на финансиските извештаи на сметката за средства од Буџетот на РМ, сметката за приходи наплатени од органи и сметката за приходи од самофинансирачки активности за 2005 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.1.1. Не е извршен попис на побарувањата на начин пропишан со законските прописи, односно не е утврдена фактичката состојба на сите побарувања, како и правниот основ на постоење на истите, посебно што во сметководството се искажани салда на побарувања од минати години. Состојбите се превземени од сметководствената евиденција, без утврдување на старосната структура на салдата и предлог за нивно расчистување, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и може да има за ефект нереално и необјективно искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

11.1.2. Поради неизвршена соодветна промена на начинот на водење на сметководство (од пресметковна на наплатена реализација) од претходни години и сведување на сметководственото начело на парично искажување, утврдена е неусогласеност помеѓу паричните средства во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2005 година и остварениот вишок на приходи – добивка пред оданочување, за износ од 1.583 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Истото има за последица нереално и необјективно прикажување на билансните

позиции во Билансот на состојбата, како и на резултатот од финансиските трансакции во 2005 година.

**Препораки и мерки:**

1. Пописот на средствата и изворите на средства да се врши согласно законските прописи.
2. При книжењето на деловните промени да се применува принципот на буџетското сметководствено начело на парично искажување.

11.2. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.2.1. Во периодот од 1996 заклучно со 2006 година УХМР остварувала приход од издавање под закуп на недвижни ствари (земјиште, објект или дел од објект) за изградба на телекомуникациона мрежа (поставување на антенски столбови и други уреди за сместување на примопредавателни уреди заради вршење на радиодифузна дејност) од страна на медиуми и мобилни провајдери (закупци). Според Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, приходот од закуп на ствари во државна сопственост претставува приход во Буџетот на РМ. Склучени се вкупно 10 договори во 1996, 1999, 2000, 2001 и 2002 година со неколку медиуми и мобилни провајдери за поставување на телекомуникациона мрежа на местата: МРПЦ Тополчани, Пожар и Ѓуриште, со рок на траење од 10 години (освен 1 на 6 години) и месечна закупнина од 200 дем (100 евра). Во периодот од 2004 до септември 2006 година преземени се активности од страна на директорот за надминување на состојбата во врска со остварување на приходот од закупнини. Во 2004 година, на писмено барање на УХМР, извршена е анализа на договорите за закуп од страна на МФ-Управа за имотно правни работи, при што е утврдено следното:

1. еден договор е склучен во 1996 година и е со истечен рок,
2. два договора се склучени по стапување во сила на Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат (сл в 61/02), и истите се склучени спротивно на одредбите од овој закон,
3. со предлог за можни раскинувања на останатите договори, и тоа:

- за ненавременото исполнување на обврските утврдени во договорот (закупнина, струја, вода, тековни трошоци и др), по претходно писмена опомена, следи еднострано раскинување на договорот,
- попречување на емисиони уреди или други уреди што можат да ја попречат работата на техничките средства, инструментите и уредите за метеоролошки мерења и набљудувања,
- ако дел или целата просторија што е издадена на користење се даде под закуп на трето лице без одобрение на закуподавачот,
- ако деловната просторија се користи за намена спротивна на договорот,
- ако закупецот не ја доставил техничката документација за работа на радиодифузните уреди во рокот предвиден од договорот.

Во одговорот МФ Управата за имотно правни работи ја упатува УХМР да побара соодветна заштита на имотните права на РМ преку Јавниот Правобранител, што не е сторено од страна на УХМР.

И покрај тоа што постоело прекршување по претходно наведените основи кај сите дотогашни закупци со кои имало склучен договор, (изготвен е табеларен преглед на корисници на простор и објекти на УХМР),



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

договорите не се раскинати во тој момент, туку многу подоцна со донесување на одлука од директорот на 12.05.2006 година, која што била доставена до сите правни и физички лица кои имале склучен договор за закуп. Според одлуката и донесениот заклучок за спроведување на одлуката, секој закупец бил обврзан да ги дислоцира неговите ствари кои се поставени на локацијата на објектите и да престане да ги користи комуникационите средства и инсталационите уреди за приклучување на електрична енергија на објектите, како и да се изврши примопредавање на стварите кои биле дадени на користење на закупците. Комисијата која што била задолжена за спроведување на одредбите од чл 29 и 36 од Одлуката за утврдување на начинот и условите за користење на ствари на кои право на користење има УХМР, не ги извршила обврските поради недостаток на интерес за соработка кај закупците, за што составен е записник, потпишан од 3, наместо 5 члена, со предлог да се превземат соодветни мерки. Закупците (медиумите и мобилните провајдери) не ги извршиле своите обврски дадени во одлуката и заклучокот, бесправно продолжиле со своите активности, а УХМР до завршувањето на ревизијата не превзела соодветни мерки (исклучување и отстранување на инсталираната опрема), со што овозможила стекнување на противправна имотна корист на приватни субјекти.

11.2.2. Спротивно на чл 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост, закупците (медиумите и мобилните провајдери) даваат одредени недвижни ствари во подзакуп на трети лица и овозможуваат напојување со електрична енергија на сопствени броила или на броило на УХМР, со што незаконски се стекнуваат со дополнителен приход на терет на државата.

11.2.3. Ревизијата неможеше да се увери во реалноста и објективноста на расходите за електрична енергија за сметката за средства од Буџетот на РМ во износ од 1.524 илјади денари и за сметката приходи наплатени од органи во износ од 322 илјади денари, од причина што во изминатиот период (2005 година и години наназад) за поголем број мерни уреди (струјомери) поставени на објектите на УХМР низ РМ, се плаќало паушално, поради дефекти или неотчитување на стварно потрошената електрична енергија, а лицето кое е задолжено за контрола на потрошените средства за комунални услуги не вршело редовна и навремена контрола. Како пример може да се наведе паушалното плаќање на сметките за објектот Зајчев рид на месечен износ од 61 илјади денари, за период од 10 месец 2003 година до 8 месец 2006 година, за што се платени буџетски средства во вкупен износ од 2.135 илјади денари, поради ненавремено отклонување на дефектот од страна на одговорните лица во УХМР. Резултатот од ваквото работење може да доведе до незаконско трошење на средства, а поради непланирани средства на реалната потрошувачка на електричната енергија при сведување и задолжување на УХМР во одделни периоди да дојде до неможност за плаќање на истата поради недостиг на буџетски средства за кое пак следува и се задолжува УХМР за камата. За ненавремено платените обврски за потрошена електрична енергија АД Електростопанство, Скопје, пресметала камата за 2003, 2004 и 2005 година во вкупен износ од 203 илјади денари, за кој износ УХМР е тужена странка на суд.

**Препораки и мерки:**

1. Да се спроведат сите активности и мерки согласно одлуката и заклучокот донесени во 2006 година од страна на одговорните лица во УХМР во однос на разрешување на проблемот околу инсталирањето на телекомуникациона опрема на разните корисници во мрежата на радарските центри во РМ.
2. Во наредниот период УХМР не смее да издава под закуп недвижни ствари кои не престанала да ги користи на правни и физички лица од причина што истото е спротивно на чл 20 и 48 ст (2) од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост, а во врска со чл 20 од Законот за хидрометеоролошки работи.
3. Издавањето под закуп на движни и недвижни ствари кои се сопственост на РМ, а дадени на користење на УХМР, да се врши согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и Законот за хидрометеоролошки работи, а приходот остварен од закупнини да се насочува директно во Буџетот на РМ, на уплатна сметка 840 – 6478 (приходно конто 733128), согласно чл 7 од наведениот Закон.
4. Согласно чл 50 од Законот, во случај на издавање на недвижни ствари висината на закупнината за недвижната ствар, за потребите на закуподавецот – УХМР, ја утврдува МФ – Управата за јавни приходи и истата претставува почетна цена кај давањето на недвижна ствар во закуп со јавно наддавање.
5. Да се пресмета и наплати целиот приход од издавање на недвижности под закуп во изминатиот период со издавање на фактури за закупопримачите и истиот директно да се насочува во Буџетот на РМ на уплатна сметка 840 – 6478 (приходно конто 733128).

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.3.1. Остварени приходи кои не се уплатени во Буџетот на РМ спротивно на законските прописи:

- Незаконско располагање и користење на средства на износ од 233 иљади денари по основ на признаени штети од поправки на каско осигурани возила, кој што претставува приход на Буџетот на РМ на уплатна сметка 840 – 6350 (приходно конто 725939).
- Незаконско располагање и користење на средства на износ од 866 иљади денари по основ на приход од давање на недвижни ствари под закуп, кој што согласно чл 7 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост, е приход на Буџетот на РМ на уплатна сметка 840 – 6478 (приходно конто 733128).
- Незаконско располагање и користење на средства од приходот од продажбата на службените возила во вкупен износ од 181 иљади денари, кој согласно чл 7 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост, е приход на Буџетот на РМ на уплатна сметка 840 – 6478 (приходно конто 733128).

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во УХМР да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите и Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост во однос на директно насочување на приходот што припаѓа на државата при што истиот навремено и целосно да биде уплатуван на соодветните уплатни сметки.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.1. и 11.2. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на УХМР - сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.3. кај УХМР - сметка за приходи наплатени од органи, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Обрнуваме внимание на следните законски прописи во врска со остварувањето на приход од издавање на недвижни ствари под закуп кај УХМР, и тоа:

    - Според Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, недвижните ствари (земјиште или објект) се сопственост на РМ, даден на користење на УХМР, а согласно чл 20 од истиот закон, за престанок на користење и за давање на користење на недвижните ствари одлучува Владата на РМ. Во случаите на издавање под закуп кај УХМР не се работи за престанок за времено користење на објект, ниту пак се работи за издавање под закуп на недвижни ствари кои не престанале да ги користат по престанок на работното време на органите (со или без опрема) при што не смее да се наруши функцијата на државните органи (користењето на објектот или дел од објект) од страна на медиумите и мобилните провајдери е во текот на цели 24 часа, и е спротивно на чл 48 ст 1 и 2 од наведениот Закон. Исто така, издавањето на објектите и дворните места само по име претставуваат закуп, а по својата содржина претставуваат остварување на право на користење на државна инфраструктура (објект, струја, вода, пат и др.) од страна на приватни субјекти, како и давање право на градба на истите (антенски столбови и др.) во рамките на реализирана локација наменета за метеоролошки станици и метеоролошки радарски противградобијни центри. Отстапувањето на градба односно дозвола за градба во рамките на реализирана локација, која може да го попречи, отежни или амортизира предвиденото и нормално работење на УХМР не е во согласност со чл 20 од Законот за хидрометеоролошки работи (забрането е поставување на пречки, емисиони уреди, подигањето на градежни објекти, далноводи или други уреди што можат да ја попречат работата на техничките средства, инструментите и уредите за метеоролошки и хидролошки набљудувања и мерења), како и може да предизвика штетно влијание врз здравјето на луѓето и врз животната средина.

**Скопје, 15.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.817 | 2.764 |
| Капитални приходи | 181 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **2.998** | **2.764** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 484 | 743 |
| **Вкупно тековни расходи** | **484** | **743** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 449 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **449** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **933** | **743** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2.065** | **2.021** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 310 | 303 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1.755** | **1.718** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 1.755 | 1.718 |
| Обврски за данок на добивка | 310 | 303 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **2.065** | **2.021** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 482 | 272 |
| Побарувања | 2.416 | 2.676 |
| Побарувања од државата и други институции | 35 | 51 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.933** | **2.999** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 445 | 42 |
| **Вкупно постојани средства** | **445** | **42** |
| **Вкупна актива** | **3.378** | **3.041** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 14 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 30 |
| Пасивни временски разграничувања | 2.933 | 2.955 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.933** | **2.999** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 445 | 42 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **445** | **42** |
| **Вкупна пасива** | **3.378** | **3.041** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **42** | **-** | **42** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **449** | **-** | **449** |
| Набавки | 449 | - | **449** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **46** | **-** | **46** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 46 | | **46** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **445** | **-** | **445** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*